14

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 01 -07- 2020
Орг.Един. / Njësia Org.: 25-
Број: / Numër: 6/4
Прилог: / Shtojcë: —
Вредност: / Vlerë: —

Институт за европска политика- ЕПИ

(Име на здружението/ фондацијата)

**ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

**Партнерство Јустиција – вградување на европските стандарди во правосудниот систем**

(Име на проектот)

Скопје, 30. 06. 2020 година
(Место) (датум)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-110/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Институт за европска политика- ЕПИ |
| Наслов на проектот | Партнерство Јустиција – вградување на европските стандарди во правосудниот систем |
| Период на спроведување на проектот | од 18.10.2019 година до 18.06.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Симонида Кацарска, директорка на Институтот за европска политика |
| Проектен менаџер | Ива Цоневска |
| Телефон и е-пошта за контакт | +389 78 361 314; email- iva.conevska@epi.org.mk |
| Цел на проектот | **Главната цел** на овој проект беше со истиот да се придонесе за враќање на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштински реформи, преку **2 специфични цели:**<br>**1.** Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и засегнати страни од правосудниот сектор за учество во процесот на реформи во правосудството, преку размена на искуствам вклучително и пренесување на најдобрите практики на ЕУ;<br>**2.** Поддршка и промовирање на суштински дијалог за реформите во правосудниот сектор меѓу граѓанските организации, засегнатите страни и граѓаните, преку застапување на јавните политики; |
| Целна група | Национални и локални граѓански организации; медиуми; студенти по право; професионални здруженија во правосудството; Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор; Министерство за правда; Врховен суд; основни и апелациони судови и јавни обвинителства; Судски совет; Совет на јавни обвинители; Академија за судии и јавни обвинители. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Република Северна Македонија (Град Скопје и други општини во кои има судови) |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 599.138,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 599.136,00 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Со проектот беа реализирани резултатите кои беа предвидени.
Граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор го унапредија знаењето и експертизата на за најдобрите регионални и ЕУ практики поврзани со правосудниот сектор и Поглавје 23. Најнапред беше направено мапирање на граѓанските организации кои работат во делот на правосудство и клучните правосудни институции и институциите кои работата во областите покриени со Поглавјето 23 и истите беа поканети да учествуваат на работилницата за Пренесување на најдобри практики и размена на искуства од земјите кои пристапуваат во ЕУ. Работилницата служеше за пренесување на најдобрите искуства и практики од земјите од западниот Балкан кои ги отворија пристапните преговори во Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права. Работилницата се одржа во хотел „Романтик'' во Велес, во период од 28-30 ноември 2019 година. Како предавачи на работилницата беа советникот на претседателот на Црна Гора и поранешниот заменик преговарач за поглавјата 23 и 24 за Црна Гора, г-динот Миодраг Радовиќ; г-дин Срѓан Мајсторовиќ, претседател на Управниот одбор на Центарот за европски политики Србија и поранешен заменик- преговарач за Поглавјата 23 и 24 и Малинка Ристевска Јорданова, експерт и член на Управниот одбор на Институтот за европска политика. Остварување на резултатот со спроведување на оваа работилница се гледа и преку спроведената евалуација според која 83% од учесниците ја оценија работилницата како корисна и многу корисна за нив.
Граѓанските организации и институциите ги зајакнаа капацитетите за активно учество во развојот на реформите, спроведувањето, следењето и / или евалуацијата, преку одржување на работилницата „ Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација“. Работилницата имаше за цел да ги запознае релевантните учесници (претставници од правосудните институции и граѓански организации кои активно се вклучени во процесот на следење на Стратегијата за реформа во правосудството) со елементите на системот на следење на правосудните реформи и практично да работат на делот на индикаторите во соодветната стратешка област од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, како и да ги унапредат своите знаења во делот на мониторинг и евалуација. Во рамки на оваа активност беше подготвена и Методологија за стратешко предвидување, мониторинг и оценување на правосудните реформи во форма на прирачник. Работилницата се одржа во Маврово од 4ти до 6ти ноември 2019 година, во хотел „Радика'', додека Методологијата беше финализирана во ноември 2019 година. На работилницата учесниците подобро се запознаа и разбраа за различните видови показатели за успешноста во областа на правосудството. Учесниците ги зголемија своите вештини за следење и оценување на постигнувањата на правосудните реформи. Постигнувањето на овој резултат се гледа преку спроведената евалуација, според која 92% од учесниците ја оценија работилницата како корисна и многу корисна за нив.
Резултатот „Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните“ беше реализиран преку организираниот дијалог за јавни политики, консултативните состаноци за напредок на реформите во правосудниот сектор, консултациите и вмрежувањата и активностите за комуникација и застапување на јавните политики. Дијалогот за јавни политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017–2022 година“, имаше за цел да придонесе за подобра имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, преку подготовка на конкретни препораки и планови за подобра имплементација на мерките предвидени во различни области од Стратегијата. Дијалогот се одржа на 11 декември 2019 година. На овој дијалог присуствуваа сите релевантни чинители во правосудството односно, 54 претставници од граѓанскиот сектор, Здружението на судии, Здружението на судска администрација, судии, јавни обвинители, претатавници од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, Министерството за правда, Врховниот суд, Вишиот управен суд, Управниот суд, другите институции од правосудниот сектор, како и претставници од Комората на медијатори. Говорници беа министерката за правда, Рената Дескоска, Киро Здравев, претседател на Судскиот совет и Ацо Колевски, претседател на Советот на јавни обвинители, Лазар Нанев , вонреден професор и судија во Основниот суд во Кавадарци, Оља Ристова, судија во Основниот кривичен суд, Антоанета Димовска, судија во Основниот граѓански суд и Радица Лазареска Геровска, државен советник во Министерството за правда. Од овој дијалог беше подготвен документ на за јавни политики

на три јазици кој беше споделен со сите релевантни чинители и промовиран. Дополнително, во рамки на проектот беа реализирани четири консултативни состаноци, додека предвиени беа само два состаноци. На овие состаноци се дискутираше на разни теми поврзани со правосудството, а со цел соодветна имплементација на Стратегијата за правосудство. Теми поврзани за правосудството беа предмет на дискусија и на состаноците за консултации и вмрежување. Овие состаноци беа организирани со граѓански организации, мрежи и претставници на правосудството. Со цел поголема видливост на овој проект беше организирана и прес – конференција непосредно пред дијалогот, од која има 54 медиумски објави. Дополнително, дкументот за јавни политики беше споделен на веб страната на ЕПИ и на социјалните медиуми и дисеминиран на клучните засегнати страни.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ 1:**<br><br>Пренесување на најдобри практики и размена на искуства од земјите кои пристапуваат во ЕУ | Целта на работилницата „ Пренос на најдобрите искуства и практики од земјите кои пристапуваат кон ЕУ - Поглавје 23 – правосудство и темелни права“ беше да ги запознае клучните македонски институции од правосудниот сектор и граѓанските организации, со перспективите и предизвиците со кои што се соочуваат Црна Гора и Србија во мониторингот и евалуацијата на реформите во правосудството и вклученоста на граѓанските организации и целни групи во реформските процеси. Работилницата служеше за пренесување на најдобрите искуства и практики од земјите од западниот Балкан кои ги отворија пристапните преговори во Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права. Како предавачи на работилницата беа советникот на претседателот на Црна Гора и поранешниот заменик преговарач за поглавјата 23 и 24 за Црна Гора, г-динот Миодраг Радовиќ; г-дин Срѓан Мајсторовиќ, претседател на Управниот одбор на Центарот за европски политики Србија и поранешен заменик- преговарач за Поглавјата 23 и 24 и Малинка Ристевска Јорданова, експерт и член на Управниот одбор на Институтот за европска политика.<br>Во истата заземаа учество дваесетина | Работилницата се одржа во хотел „Романтик'' во Велес, во период од 28-30 ноември 2019 година. | Унапредено знаење и екпертиза на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор за најдобрите регионални и ЕУ практики поврзани со правосудниот сектор и Поглавје 23. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | претставници кои работат во клучните институции на правосудниот сектор во Република Северна Македонија (Министерство за правда, Академија за судии и јавни обвинители, Судски совет), Државна комисија за спречување на корупција и граѓански организации, кои будно го следат овој процес и работат во согласност со истиот.На оваа работилница учесниците се запознаа детално со целиот процес на пристапните преговори со ЕУ, за билатералниот, експланаторниот скрининг и за научените лекции и најдобрите практики во делот на трите специфични прашања од Поглавјето 23- правосудство, антикорупција и темелни права.<br><br>Согласно податоците од евалуацијата 83% од учесниците ја оценија работилницата како корисна и многу корисна за нив.<br><br>Агендата е достапна во Анекс 1. Презентациите од работилницата се достапни во Анекс 2. Материјалите беа споделени со сите учесници.<br>Беше подготвен детален извештај за работилницата Анекс 3. | | |
| **АКТИВНОСТ 2:**<br><br>Работилница за градење капацитети за стратешко планирање и процесот на преговори за пристапување<br><br>**Под-активност:**<br>А.2.1. Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација<br>А.2.2. Работилница за градење на капацитети за стратешки предвидувања и процесот на преговори за пристап | Работилницата **„ Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација“** имаше за цел да ги запознае релевантните учесници ( претставници од правосудните институции и граѓански организации кои активно се вклучени во процесот на следење на Стратегијата за реформа во правосудството) со елементите на системот на следење на правосудните реформи и практично да работат на делот на индикаторите во соодветната стратешка област од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, како и да ги унапредат своите знаења во делот на мониторинг и евалуација. | Работилницата се одржа во Маврово од 4ти до 6ти ноември 2019 година, во хотел „Радика“ Методологијата беше финализирана во ноември 2019 година. | Зајакнати капацитети на граѓанските организации и институциите за активно учество во развојот на реформите, спроведувањето, следењето и / или евалуацијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | За таа цел се изработи Методологија за стратешко предвидување, мониторинг и оценување на правосудните реформи во форма на прирачник. Прирачникот за користење на алатката за мониторинг и евалуација на реформите во правосудниот систем е замислен како практична алатка која им дава насоки на корисниците за видот на податоци кои треба да се приберат, начинот на кој треба да се евидентираат, од кои извори да се приберат, и со која фреквенција.<br>Методологијата беше изработена од страна на Марија Нашоковска, која како екпертка беше и предавач на работилницата, на која беше презентирана и методологијата.<br><br>На работилницата заземаа учество 22 учесници, меѓу кои шест беа од ЕПИ, и еден од Зенит (организатори на работилницата),. Останатите учесници беа од Судски совет, Советот на јавни обвинители, Министертво за правда и невладините организации.<br><br>На оваа работилница учесниците подобро се запознаа и разбраа за различните видови показатели за успешноста во областа на правосудството. Учесниците ги зголемија своите вештини за следење и оценување на постигнувањата на правосудните реформи. Се стекнаа со вештини за внесување на податоци во матрицата за следење и оценување на правосудните рефроми и нивното користење ( На нив им беше даден прирачникот (методологијата) за матрицата за мониторинг и евалуација на реформите во правосудниот сектор, како практична алатка која му помага на корисникот да ги евидентира прибраните податоци на структуриран начин).<br>Согласно податоците од евалуацијата, 92% од учесниците ја оценија работилницата како корисна и многу корисна за нив.<br><br>Агендата е достапна во Анекс 4. Презентациите од работилницата се достапни во Анекс 5. Материјалите беа споделени со сите учесници. Беше подготвен и детален извештај за | | |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работилницата. Анекс 6<br>Методологијата е достапна во Анекс 7. | | |
| **АКТИВНОСТ 3:**<br><br>Дијалог за јавни политики | **Дијалогот за јавни политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017–2022 година“**, имаше за цел да придонесе за подобра имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, преку подготовка на конкретни препораки и планови за подобра имплементација на мерките предвидени во различни области од Стратегијата.<br>Од дијалогот беше подготвен документ за јавни политики со наоди и препораки, кои понатаму беше споделен со сите релевантни чинители. Сите забелешки и препораки од овој дијалог, ќе бидат составен дел од полугодишниот извештај од Следење на стратегијата за реформа на правосудниот сектор. Како основа за пишување на овој документ беа и доставените наоди, заклучоци и препораки од судиите Оља Ристова, Лазар Нанев и Антоанета Димовска.<br>На дијалогот учествуваа 54 претставници од граѓанскиот сектор, Здружението на судии, Здружението на судска администрација, судии, јавни обвинители, претатавници од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, Министерството за правда, Врховниот суд, Вишиот управен суд, Управниот суд, другите институции од правосудниот сектор, како и претставници од Комората на медијатори.<br>Дијалогот беше поделен на две сесии. Во првата сесија „ Реформите во правосудството'', говорници беа министерката за правда, Рената Дескоска, Киро Здравев, претседател на Судскиот совет и Ацо Колевски, претседател на Советот на јавни обвинители.<br>Во втората сесија насловена „Казнено- правно, граѓанско-правно законодавство и медијација'', говорници беа Лазар Нанев , вонреден професор и судија во Основниот суд во Кавадарци, Оља Ристова, судија во Основниот кривичен суд, Антоанета Димовска, судија во Основниот граѓански суд и Радица Лазареска Геровска, државен советник во | Дијалогот за јавни политики се одржа на 11ти декември 2019 во хотел „Арка'' во Скопје. | Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Министерството за правда. На дијалогот беа прикажани и показателите за следење на резултатите од реформите и анкета од корисници на судовите, од страна на Александар Николов, извршен директор на Асоцијација Зенит.<br><br>Агендата е достапна во Анекс 8. Краткиот документ за јавната политика во однос на содржината од дијалогот и клучните препораки е достапен во Анекс 9. Овој документ е објавен и на веб страната на ЕПИ и на дата базата МЕРЦ. | | |
| **АКТИВНОСТ 4:**<br><br>Консултативни состаноци за напредок на реформите во правосудниот сектор | Два консултативни состаноци беа одржани за време на работилниците во ноември со претседателката на работната група во Министерството за правда за имплементација на Стартегијата за реформа на правосудниот сектор. Оваа работна група е оперативно работно тело на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудството.<br>На состаноците беше дискутиран пристапот на следење и првичните резултати, како и за идните активности.<br><br>Во рамки на состанок на времжување на 17.12.2019 реализирани се средби со Здружение на судии, Судски совет, Претседател на Основен кривичен суд, и други судии и јавни обвинители при што се дискутираше за текот на реформит, прогресот и новиот предлог за Законот за ЈО. На состанокот учествуваше проектната директорка.<br><br>Еден консултативен состанок беше одржан на 6 март 2020 година со претседателката на работната група во Министерството за правда за имплементација на Стартегијата за реформа на правосудниот сектор. Оваа работна група е оперативно работно тело на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудството.<br>На состанокот беа дискутирани резултатите од овој проект и постигнувањата во делот на | Ноември 2019/ април 2020 година | Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | правосудството на нашата држава, нотирани во ревидираниот извештај на Европската комисија.<br><br>Состанокот беше одржан за време на дијалогот за јавни политики кој се одржа на 6 март 2020 година во Хотел Арка во Скопје. | | |
| **АКТИВНОСТ 5:**<br><br>Консултации и вмрежување | На 21 октомври 2019 година беше одржан состанок со претседателот на Комора на медијатори на кои беа претставени активностите на проектот, беше дискутирано за реформите во делот на медијацијата и беше разговарано за заедничкиот настан на ЕПИ и Коморта на медијатори по повод Европскиот ден на граѓанска правда. Заедничкиот настан се одржа на 25 октомври во Хотел Арка.<br><br>Беше одржан консултативен состанок во ноември со повеќе мрежи, граќански активисти и експерти со цел заеднички да се дејствува со иницјатива Собранието итно и неодложно и најдоцна до пред распуштањето на Собранието, да се започне и заврши со постапките за избор и именување на членови во повеќе тела.<br>После состанокот беше одржана и заедничка прес конференција на 27 ноември 2019 година. Извештајот од иницјативата и прес-конференцијата е достапен во Анекс 10.<br><br>На 5 март 2020 година, во гостилница Гурмет – Скопје, беше одржан консултативен состанок во Боса Ненадиќ, поранешна претседателка на Иставниот суд во Србија и Мирјана Лазарова Трајковска, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права. На состанокот присуствуваа проектната менаџерка и Малинка Ристевска Јорданова, член на Управниот одбор на ЕПИ. На состанокот се дискутираше за статусот на имплементација на реформите во Поглавјето 23 и гласините за ветинг во судството и колку е тоа опција за нашата држава.<br><br>На 6 март 2019 година во Хотел Арка во Скопје беше одржан дијалог за јавни политики „ Ветинг – наметната или изводлива опција за Република | октомври/ноември 2019 година<br><br>јануари/април 2020 година | Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Северна Македонија“. На овој дијалог присуствуваа релевантни чинители во правосудниот сектор од земјата и од странство. На дијалогот беа разменети мислења за постигнувањата во правосудниот сектор и како ветингот ќе се одрзи на правосудните реформи, пред се земајќи ги искуствата на Албанија со ветингот и искуството на Србија со генералниот реизбор на судии. На овој дијалог проектниот тим размени мислења со повеќе засегнати страни (околу 15) меѓу кои Леди Бианку, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права, Албанија; Боса Ненадич, поранешна претседателка на Уставен суд Србија; Мирјана Лазарова Трајковска, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права и судија во Врховниот суд на Република Северна Македонија; Владимир Георгиев, член на Државна комисија за спречување на корупција; Денис Прешова, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“, судии, поранешни судии, адвокати, претставници од професионални здруженија, граѓански организации, институции и дипломатски претставништва. | | |
| **АКТИВНОСТ 6:**<br><br>Комуникација и застапување на јавните политики. | За оваа активност беше назначено лице за комуникации кој водеше сметка за видливоста на проектните активности и нивната промиција.<br>Прес – конференцијата пред и за време на Дијалогот за политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“ беше одлично застапена во традиционалните и новите медиуми со 59 споменувања во медиумите (Анекс 11). Од настанот исто така е објавен и краток документ за политки на веб сајтот на ЕПИ, како и на МЕРЦ.<br>Документот е преведен на англиски и албански и согласно податоците има (*MK*; *ALB*; *ENG*):<br>- доступнувања 808 (Reach 808)<br>- Ангажмани 3 (Engagement 3)<br>- Кликови 34 (Clicks 34)<br>- Преземања 300 (Downloads: 300) | јануари/април 2020 година | Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните. |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

/

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници[1] | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Работилница „Пренесување на најдобри практики и размена на искуства од земјите кои пристапуваат во ЕУ“ | 20 | / | |
| Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација | / | 1 | |
| Работилница за градење капацитети за стратешко планирање и процесот на преговори за пристапување | 22 | / | |
| Дијалог за јавните политики | 54 | / | |
| Консултативни состаноци за напредок на реформите во правосудниот сектор [2] | 8 учесници[3] | | |
| Консултации и вмрежување[4] | 23[5] | | |
| Комуникација и застапување на јавните политики. | / | Документ за јавни политики на три јазици<br>- достугнувања 808 (Reach 808)<br>- Ангажмани 3 (Engagement 3)<br>- Кликови 34 (Clicks 34)<br>- Преземања 300 (Downloads: 300) | 54 медиумски објави |

[1] Листите на учесници се достапни во Анекс 12.
[2] реализирани се 4 состаноци, предвидени беа 2.
[3] Поради тоа што станува збор за неформални состаноци за овие состаноци нема листи за потписи.
[4] реализирани се 4 состаноци, предвидени беа 2
[5] Поради тоа што станува збор за неформални состаноци за овие состаноци нема листи за потписи.

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Со реализација на сите активности и постигнување на резултатите, несомнено овој проект придонесе за реализација на утврдените специфични цели на проектот. Додека главната цел на овој проект е остварлива на долгорочен рок и Институтот за европска политика и понатаму ќе работи и ќе придонесува за остварување на главната цел и враќање на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштински реформи. Согласно спроведената евалуација за работата на ЕПИ е заклучено дека правосудните институции го гледаат ЕПИ како партнер во реформските процеси, па поради ова ЕПИ и во следниот период ќе работи за подобрување на состојбите во правосудството преку континуиран дијалог со клучните правосудни чинители и граѓанските организации кои работат во делот на правосудство. Ова ќе се реализира и со вклучување на мрежите во кои ЕПИ е членка, а пред се Мрежата 23, блупринт групата за правосудство, Коалицијата „Сите за правично судење“ и регионалната мрежа ТЕН „Мисли за Европа“ на која ЕПИ е основач. Во оваа насока ќе бидат реализирани идни дијалози и средби за вмрежување.

Одржливоста на овој проект се гледа пред се преку одржаните работилници. На овие работилници, претставниците на институциите и гарѓанските организации ги зајакнаа своите капацитети за стратешко планирање мониторинг и евалуација на реформите, дополнително се здобија со знаења за процесот на пристапување и реформите во едно од најважните поглавја, а тоа е Поглавјето 23. Дополнително овој проект придонесе за подобар дијалог меѓу институциите и граѓанските организации за реализација на реформите во правосудството. Институционалната одржливост на проектот се рефлектира преку зајакнување на знаењето на релевантните чинители во правосудството за следење на реформите во правосудството, а и генерално реформите во Поглавјето 23.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | | | |
| Проектен директор Симонида Кацарска | | | |
| Проектен менаџер Ива Цоневска | 38208 | 38208 | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | | | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (Дропбокс лиценци) | 8932 | 9117 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (струја,одржување ИТ, одржување канцеларии) | 71265 | 71080 | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Сместување и оброк за учесници на работилница за размена на искуства (25 учесници x 2 ноќевања) | 119715 | 119715 | |
| Превоз на учесниците на работилницата за размена на искуства (25 учесници) | 18373 | 18373 | Фактура Промах-12978 ден. Татјана Васиќ-1410 ден. Мартина Илиевска 1410 ден Шемси Салаи 1410 ден. Петре Мркев 1165 ден. |
| Материјали за учесниците на работилницата за размена на искуства (25 учесници) | 14100 | 14100 | |
| Договори за услуги за регионални експерти ( 2 експерти x 2 дена) | 49280 | 49280 | |
| Сместување и оброк за учесници на работилница за јакнење на капацитетите (25 учесници x 2 дена) | 195395 | 195395 | |
| Превоз за учесниците на работилница за јакнење на капацитетите (25 учесници) | 42048 | 42048 | |
| Материјали за учесниците на работилницата за јакнење на капацитетите (25 учесници) | 14100 | 14100 | |
| Предавачи/ модератори за работилници за јакнење на капацитете и размена на искуства ( 2 предавачи x 4 дена ) | 27720 | 27720 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **599.136,00** | **599.136,00** | |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 30. 06. 2020 год.

(Место) (датум)

Симонида Кацарска, директорка на Институтот за европска политика

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)



Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија